ПРИРАЧНИК ЗА РОДИТЕЛИ

за препознавање и реагирање во случај на насилство врз деца вклучувајќи врсничко насилство и говор на омраза



Авторки:
Гордана Блажевска Спиридонова
Елена Иваноска-Миноска
Џулијана Мишевска

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

Оваа брошура е изработена во рамки на проектот „Борба против омразата и нетолеранцијата“ која се спроведува во рамките на заедничката програма на Европската унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција“.

Оваа брошура е изработена со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови нужно не го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот.

Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „©Советот на Европа, 2026“.

Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се достават до Директорат за публикации и визуелен идентитет, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int). Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Дирекцијата за комуникации, Avenue de l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00; E-mail: Horizontal.Facility@coe.int

Наслов:
Прирачник за родители за препознавање и реагирање во случај на насилство врз деца вклучувајќи врсничко насилство и говор на омраза

Авторки:
Гордана Блажевска Спиридонова
Елена Иваноска-Миноска
Џулијана Мишевска

Уредничка:
Јелена Кадриќ

Лекторка:
Татјана Стојановска

Слика на корица: magnific.com
Дизајн на корица и изглед: Дамјан Канзуров
Фотографии: magnific.com

Институт за човекови права
Скопје, 2026 година

СОДРЖИНА

ВОВЕД 4

1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ГОВОР НА ОМРАЗА И НАСИЛСТВО 6

2. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НАСИЛСТВО 10

2.1. Како да постапува родителот кога детето е изложено на насилство или говор на омраза 11

2.2. Како да постапува кога детето применува насилно однесување вклучувајќи и говор на омраза над други 12

2.3. Како да постапува кога детето сведочи на насилство или говор на омраза 13

2.4. Постапка на пријавување во училиштето или други надлежни институции во локалната заедница: 14

3. ПОСТАПУВАЊЕ СО ДЕЦА СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЛИ ПРЕКРШОЦИ 15

3.1. Кривични дела од омраза 17

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 20

ВОВЕД

Која е намената на Прирачникот?!

Овој прирачник е создаден за да им помогне на родителите да препознаат, разберат и соодветно да реагираат во ситуации кога нивното дете е изложено на **физичко, ментално или психичко насилство, вклучувајќи врсничко насилство и говор на омраза** Тој исто така дава насоки за тоа како родителите можат да препознаат ако нивното дете покажува насилно /повредувачко однесување кон други и како да постапат во таков случај.

Со помош на овој прирачник, родителите ќе добијат информации за:

- Што претставува насилство и говор на омраза;
- Како да препознаат кога нивното дете применува повредувачко однесување во училиштето и во други простори каде се движи и делува;
- Како да препознаат и развиваат чекори и постапки со цел да овозможат заштита на своето дете и грижа за неговата и нејзина добросостојба;
- Како да соработуваат со училиштето и другите релевантни институции.

Целта на прирачникот е да обезбеди насоки за создавање сигурна и безбедна средина за учење и партиципација во училишниот живот, за секого, заснована на принципите на еднаквост, толеранција и недискриминација.

За кого е наменет Прирачникот?

Прирачникот е наменет пред сè за родителите/старателите, но може да биде извор за информации и за други чинители во процесот на раснење и социјализација на децата и младите кои сакаат да се информираат за заштита на децата од насилство и говор на омраза како наставници, старатели, локалната заедница.

Заштитата на децата од насилство, малтретирање, злоупотреба и говор на омраза бара заедничка вклученост на:

- Родителите/старателите и семејството
- Училиштето – наставници, стручни служби и директор
- Другите ученици и нивните родители
- Надлежните институции и локалната заедница и надлежните институции
- Граѓански организации

За да се обезбеди ефикасна заштита, сите овие чинители треба да бидат запознаени со процедурите и да дејствуваат координирано при заштита на децата и учениците.

Препознавање на насилството и врсничко насилство вклучувајќи и говор на омраза

Важно е родителите/старателите да умеат да ги препознаат знаците на насилно однесување, како тогаш кога нивното дете е жртва и трпи некоја форма на насилство, така и тогаш кога самото извршува некоја форма на насилство. Овој Прирачник ќе ви помогне да разберете како да реагирате во секоја ситуација и како да ги заштитите вашите деца од негативните последици на насилството и говорот на омраза.

Родителите/старателите имаат обврска да се грижат за заштита на безбедноста и правата на своите деца. Имаат и обврска да бидат директно вклучени и одговорни во процесот на социјализација на нивните деца. Родителот/старателот треба да биде свесен дека неговото дете има право на безбедност, но истовремено и секое друго дете во училиштето и вон училиштето исто така има. Потребно е родителот/старателот да соработува со училиштето во сите сегменти од престојот на детето во училиштето и воспитно - образовниот процес.

Важно е родителите/старателите јасно да го препознаваат насилното/повредувачко однесување како и говорот на омраза, кога нивното дете може да е изложено на насилно однесување или говор на омраза или кога ги применува самото.

→ Последиците по детето и ученик/чка на една или повеќе облици на насилно однесување вклучувајќи и говор на омраза се сериозни по неговото и нејзиното физичко, психичко и емоционално здравје и добросостојба и влијае посредно и на нивните училишни постигнувања.

1.

ДЕФИНИРАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ГОВОР НА ОМРАЗА И НАСИЛСТВО

Што е дискриминација?

Според принципот на еднаквост, сите луѓе се рамноправни, односно изедначени во уживањето и остварувањето на сите права и слободи. Принципот на еднаквост гарантира дека секое лице е еднакво пред законот и за него, еднакво важат правата и слободите втемелени во националното, но и меѓународното право. Еднаквоста подразбира рамноправност на сите луѓе во однос на уживање на основните права и слободи без ограничувања засновани врз одредени лични карактеристики. Покрај тоа, еднаквоста на луѓето вклучува и еднакви можности. Од друга страна пак, дискриминацијата претставува нееднакво постапување кон некое лице или група на лица поради нивните лични заштитени карактеристики. Според дефиницијата дадена во Законот за спречување и заштита од дискриминација[1], дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Дискриминаторска основа, претставува основа заштитена со закон, како на пример раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, попреченост, возраст, или која било друга основа.

Дискриминацијата произлегува од нашите стереотипи или предрасуди кон определени групи во општеството, кои доведуваат до нивна стигматизација, маргинализација и дискриминација.

Важно е и да се прави јасна разлика помеѓу нееднаков третман и **афирмативните мерки и позитивните мерки за акција**. Посебните мерки кои државата ги презема, со цел да ги доведе различните обесправени групи (на пример девојчињата, учениците со попреченост, учениците Роми итн.) да можат еднакво и во целост да ги практикуваат своите права, не се сметаат за дискриминација. Напротив, отсуството на вакви мерки кое придонесува за продолжување на нееднаквата положба на обесправените групи може да се смета за дискриминација, токму поради отсуство на соодветна реакција од страна на државата.

Кои закони предвидуваат заштита од дискриминација?

Заштитата од дискриминација е загарантирана со:

- **Уставот на РСМ**
- **Законот за спречување и заштита од дискриминација** (специјален закон – *lex specialis*)
- **Кривичниот законик**

1 Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен Весник на РСМ бр.258/2020, член 6

Дополнително, важна е и заштитата предвидена во други закони кои се особено релевантни за ученици и училишта:

- Законот за заштита на децата
- Законот за основно образование
- Законот за средно образование

Дискриминацијата не е само прекршок, туку и кривично дело!

Според Кривичниот законик[2], лице кое:

- Одзема или ограничува права на други луѓе поради: пол, раса, етничка припадност, јазик, религија, политичка припадност, инвалидитет, возраст, здравје, имотен статус, и сл. се казнува со затвор *од 3 месеци до 3 години*
- Лице кое повредува човекови права поради иста причина *се казнува со затвор од 6 месеци до 5 години*
- За расна омраза, дискриминација или ширење идеи за расна супериорност *казна затвор од 6 месеци до 3 години*

Важно е да се напомене дека принципите на недискриминација и еднаквост треба да бидат водилка и при постапувањата на сите органи во случаи на врсничко насилство (кое е подетално објаснето подолу). Односно училиштата треба да овозможат безбедна средина за учење без стигма и предрасуди. Секако тоа не значи дека треба да се занемарат различностите од аспект дека училиштата треба да ги имаат предвид различните карактеристики и мотивите за насилство и според истите да спроведуваат пред се превентивни мерки земајќи ги предвид посебните карактеристики и специфики на учениците.

Што е говор на омраза?

Говорот на омраза е поим со различно значење и иако нема единствена, конзистентна дефиниција најчесто се дефинира како јавен говор кој изразува омраза или поттикнува насилство кон личност или група врз основа на заштитени карактеристики/обележја како што се раса, религија, пол, сексуална ориентација итн.

Според дефиницијата на **Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ)**[3], говорот на омраза е сфатен како секој вид изразување кое поттикнува, промовира, шири или оправдува насилство, омраза или дискриминација кон лице или група лица, или кое омаловажува, поради реални или припишани лични карактеристики или статус како што се „раса", боја, јазик, религија, националност, национално или етничко потекло, возраст, инвалидитет, пол, родов идентитет и сексуална ориентација.

Говорот на омраза е секој говор, истакнат како устен, односно одредена гестикулација или однесување, пишан текст, или било каков приказ којшто е забранет поради можноста да поттикне насилство или предрасудно дејствување против некој заштитен поединец или група, или поради што се деградира или заплашува одреден поединец или група.

Затоа особено е важно и при индивидуални случаи на насилство да се изврши проценка дали истото може да е мотивирано поради омраза (поради карактеристика која што ја има детето –попреченост, етничка и религиозна припадност итн.).

2 Кривичен законик, Службен Весник на РСМ бр.37/1996, 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 170/2017; 248/2018; 36/2023; 188/2023

3 Препорака CM/Rec(2022)16 на ЕКРИ ***Recommendation on Combating Hate Speech - Combating Hate Speech, 1680aada1b***

Во националната правна рамка **говорот на омраза** претставува кривично дело и е опфатен со повеќе кривични дела, предвидени во **Кривичниот законик (КЗ)**. Кривичниот законик го дефинира говорот на омраза[4] како: „кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот, кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика, или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување."

Говорот на омраза е забранет преку повеќе одредби[5] од Кривичниот законик, и тоа:

- „Загрозување на сигурноста";
- „Изложување на подбив на македонскиот народ или на припадниците на заедниците", „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа";
- „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем";
- „Одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства", и
- „Расна и друга дискриминација".

Овие дела, во суштина, го забрануваат секое омаловажување, разгорување и ширење нетрпеливост и омраза, загрозувањето на сигурноста и изложувањето на подбив на различни групи луѓе во општеството поради нивните лични карактеристики или припадноста кон одредена група, кое најчесто се случува по основ на раса, религија, етничка припадност, национално потекло, јазик, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, класа/социјално потекло, телесна и/или интелектуална попреченост.

Повеќе за делата од омраза од кривично правен дел можете да прочитате во Глава 4 - Постапување со деца сторители на кривични дела или прекршоци.

НАСИЛСТВО

Јасно именување на насилството е неопходен прв чекор. Доколку возрасните не ги препознаваат прецизно сите форми со кои се манифестира насилството, децата поотворено ќе го применуваат.

Под насилство се подразбираат сите форми на физичко, психичко, емоционално, социјално, сексуално и кибернасилство, повреди, злоупотреба, занемарување или несовесно постапување, малтретирање или експлоатаци

Во литературата и секојдневната употреба се користат различни дефиниции за насилство кои истакнуваат неколку заеднички карактеристики кои се присутни во различните облици на манифестирање на насилно однесување. Заради успешно препознавање на карактеристиките кои се присутни при манифестација на насилно однесување би се навеле следните:

1. употреба на физичка сила за да се повреди некој или за да се оштети нешто;

4 Supra note 2, види член 122 став 42 од Кривичен Законик.

5 Види член 144, 179, 319, 394-г, 407-а и 417 од Кривичен Законик

2. незаконска употреба на неоправдана сила или ефект од чин на заканување со истата. [6]
3. насилство или насилно однесување е: агресивно однесување при кое субјектот или сторителот го користи сопственото тело или предмет (вклучувајќи и оружје) за да се нанесе повреда или за да предизвика непријатност кај друга личност. [7]
4. секој облик на еднаш применето или повторено вербално или невербално однесување кое за последица има реално или потенцијално загрозување на здравјето, развојот и достоинството на детето/ученикот. [8]
5. сите форми на физичко, психичко, емоционално, социјално, сексуално и сајбер насилство, повреди или злоупотреба, занемарување или несовесно постапување, малтретирање и експлоатација.[9]

Како заеднички карактеристики кои се среќаваат во различните понудени дефиниции на насилно однесување би ги издвоиле:

- примена на физичка сила и нанесување на физичка повреда;
- примена на психичко, емоционално и социјално насилство и предизвикување на повреда по менталното здравје, емоционално и социјално, како и по достоинството и личноста на детето/ученикот/чката;
- примена на **повреда** со употреба на телото или зборови или некој предмет;
- предизвикување на последици преку малтретирање, злоупотреба, занемарување, несовесно постапување и експлоатација;
- насилство применето во виртуелниот простор на интернетот.

→ **Облици на насилно однесување:** физичко, психичко, социјално, емоционално, насилство на интернет просторот, сексуално насилство, примена на говор на омраза, насилство водено од дискриминирање на соучениците по различна основа, спортско насилство.

ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО

Врсничкото насилство е облик на насилство што се случува меѓу деца или адолесценти на иста возраст (врсници), обично во училиштата или надвор од нив. Целта на врсничкото насилство е да се нанесе болка или да се стекне контрола над другото лице, а често остануваат длабоки емоционални и психолошки последици кај жртвата. Директното повредување или грубото однесување трае долго време и свесно е осмислено за се повреди некој (поединец или група) и да се нанесе штета. Се повторува на ист начин, врз иста група или личност, постои несразмерна позиција на насилник – некој кој има моќ и жртва, некој кој страда и истовремено може да вклучува некој што сведочи.

6 Енкартов светски англиски речник-(Encarta WorldEnglishDictionary, Encarta 1999)

7 Olweus,Dan, Understanding and Researching Bullying, 1999, ***https://www.researchgate.net/profile/Dan-Olweus/publication/285012514_Understanding_and_researching_bullying_Some_critical_issues/links/5981ac2eaca2728abee86274/Understanding-and-researching-bullying-Some-critical-issues.pdf***

8 Прошева Александра, Бошкова, Мери. Прирачник за примена на посебен протокол за заштита на деца и ученици од насилство, малтретирање и занамарување во воспитно-образовните институции, ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2018, достапен на: ***https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2018/12/priracnik-nastavnici-print.pdf***

9 Упатство за постапка на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

2.

ПРЕПОРАКИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НАСИЛСТВО

Улоги во кои може да се најде ученик/чка во ситуации на насилство – примена на насилно однесување, да трпи насилно однесување и да сведочи на ситуации на насилно однесување.

Последици по физичкото, менталното здравје и добросостојба на ученик/чка на основно школска и средношколска возраст. Кога се во поблага форма некои од манифестациите претставуваа знаци кои укажуваат дека ученикот/чката се соочува со потешкотии. Додека подолготрајна изложеност на насилство и занемарување води кон подолготрајни промени и последици по ученикот[10].

на физичкото здравје	на емоционалната состојба/ здравје	на социјалното его/јас/ самодовербата/живот
• главоболки • недефинирани болки низ организмот • губење на апетитот или прекумерно јадење несоници и пад во имунитетот	• промени во расположение • тага • несреќен/несреќна • раздразливост • анксиозност • агресивност • пад во самодовербата и себе прифаќањето • самообвинување • употреба на супстанции • пост-трауматско стрес нарушување	• повлекување во себе • и од сите активности • срам • потешкотии со учење • отпор кон одење во училиште • осаменост • нарушена самопочит • нарушување на сликата за себе • губење на капацитет за само-поддршка • вртење кон ризично однесување

10 Министерство за образование и наука, Упатство за постапка на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, 2020 година, достапно на: ***https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/pravilnici***



2.1. Како да постапува родителот кога детето е изложено на насилство или говор на омраза

Дете и адолесцент може од различни причини да не се охрабри да се пожали за ситуација кога трпи насилство вклучувајќи и говор на омраза. Може да не знае како да го опише тоа што се случува или е уверено дека самиот/самата може да се справи со ситуацијата или треба да одржи контрола над случувањата. Може да чувствува срам да се пожали бидејќи мисли дека така би покажал/а слабост. Може да се плаши од не одобрувањето на врсниците и врсничките. Но, долготрајна изложеност на малтретирање и вознемирување може да создаде сериозни последици по психичкото и физичко здравје и добросостојба на адолесцентот. Родителот може да постапи:

- Препорачливо е повремено родителот да го праша детето за мислење како се чувствува во училиште и дали се случува нешто што го повредува
- Слуша внимателно и трпеливо што има да каже и опише без да се прекинува и носи однапред заклучоци.
- Поставуваа кратки, јасни и концизни прашања за тоа како се случувало, каде се случувало, кога се случувало, со кого,
- Да ја поздрави и пофали отвореноста на детето да сподели и разговара и го увери дека ќе се побара решение за ситуацијата,
- Го охрабри детето да се обрати на некоја возрасна личност од доверба во училиштето. При тоа родителот следи што се случува за потврда дека побарало помош. Доколку опише дека не се чувствува пријатно самото да побара
- Се обрати самиот на одговорно лице во училиштето - класен раководител, педагог, психолог, директор,
- Да не го обвинува детето/адолесцентот за тоа што е малтретирано. Може да се разговара и согледа што можело да доведе до таква ситуација- како комуницира со своите врсници, како кажува НЕ при случувања кои не му се допаѓаат, како решава ситуации кои содржат конфликт, како се грижи за работи кои се во негова и туѓа сопственост и сл.
- Разгледаат заедно различни решенија со кои може да биде побезбедно – да не се движи во помалку безбедни простори, да прекинува контакти со луѓе или врсници кои се непријатни и не комуницираат коректно или пријателски или како да се однесува во близина на некој што покажува тенденција да малтретира и вознемирува,
- Играње улоги - на безбедно во домот кога може да вежба како да постапи во различни ситуации,
- Да се погрижи да се вклучува во позитивни хобија и активности во кои ќе развива и зајакнува социјални и емоционални вештини.



2.2. Како да постапува кога детето применува насилно однесување вклучувајќи и говор на омраза над други

Доколку детето/адолесцентот применува насилство во и надвор од училиште тоа треба да се запре. Опис на чекори кои може да се преземат:

- Јасно да се истакне дека не се одобрува агресивно и повредувачко однесување кон другите и конкретно нагласи дека малтретирањето и/или говорот на омраза на другите не е во ред и мора да престане веднаш,
- Создавање правила на однесување кои ги опфаќаат постапките на детето и/ или адолесцент во и надвор од домот. Да се пофали кога се придржува до договорените правила на однесување, да се користат не физички и логички и аргументирани разговори кога ги прекршува правилата. Логички последици може да се - губењето на правото да користи мобилен телефон, да излегува или учествува во други активности кои му се пожелни,
- Издвои време за разговори за тоа како го поминува времето надвор од домот, со кого го поминува, како се дружат, што прават, како комуницираат.
- Да се поучува како да комуницира со другите позитивно и внимателно – како да биде љубезно, како да понуди помош, како да користи позитивни јас пораки, како изгледа вистинско пријателство,
- Да се понуди или помогне, да се вклучи во позитивни активности и хобија,
- Сподели загриженост со лице од доверба или одговорно лице во училиштето – психолог, советник и разговара за начини на надминување на агресивното однесување,
- Бидете и самите добар и позитивен пример и модел за однесување,
- Доколку смета дека е посериозен проблемот и опстојува може да побара стручна помош од психолог, терапевт надвор од училиштето.



2.3. Како да постапува кога детето сведочи на насилство или говор на омраза

Многу деца и адолесценти сведочат на сцени и ситуации на насилство во училиштето и други простори каде се движат. Важно е сведоците да преземат некои чекори да изразат став на неодобрување на насилство кое се случува. Доколку детето сподели искуство да сведочело на ситуација или ситуации на насилство можете да го охрабри кон следното:

- Никогаш само иницијативно да не применува насилство или говор на омраза,
- Да се поучи да побара помош без да биде самото повредено,
- Да се охрабри со зборови да интервенира доколку е тоа безбедно со смирен тон и да каже: „Еј смирено, ајде полека. Ова нема ништо да реши ...“
- Да му се укаже да не навива дури и само молчаливо да набљудува. Тоа само ќе ги охрабри тие кои применуваат насилство или сакаат да бидат во центарот на вниманието,
- Охрабри да се обрати на некоја возрасна личност од доверба. Зборувањето за насилството и говорот на омраза не е издавање, туку е чин на храброст и безбедност. Може да оди со пријател кај возрасниот доколку му треба поддршка,
- Охрабри да понуди поддршка на врсници кои трпат насилство вклучувајќи и говор на омраза,
- Поучи да ги вклучи тие деца во различни конструктивни активности,
- Да се истакне и награди „тивкиот чин на храброст“ на детето – кога детето ќе направи инцијатива да помогне при насилство дури и да не е успешна,
- Се разговара за развивање на вештини како да се изрази или постапи за да каже *НЕ* на ситуации на врсничко насилство. На пример „играње улоги“ и повежба како може да постапи, што да каже, како да размислува.

Доколку родителот има согледувања или информации за нарушување на безбедноста или примена на некоја форма на насилство врз неговото дете, потребно е да ги употреби сите постоечки механизми да укаже на загриженоста за состојбата на своето дете и да очекува од училиштето да преземе мерки и активности да ја разреши ситуацијата на конструктивни начини.

2.4. Постапка на пријавување во училиштето или други надлежни институции во локалната заедница:

1. Родителот да достави *Барање* да се обезбеди безбедноста на неговото дете до службите на училиштето со наведена поплака и опис на што се однесува истата, односно видот на насилство вклучувајќи го и говорот на омраза на кое е изложено детето. Од службите на училиштето да побара доставеното Барање заведено со архивски број да го добие во копија или потврда дека доставил документ до училиштето,
2. Родителот бара разговор со одделенскиот/класниот раководител/ка со опис на поплаката и загриженоста и барање училиштето да се вклучи со реакција и решавање на ситуацијата,
3. Родителот се обраќа до педагошко-психолошката служба со опис на поплаката и загриженост за безбедноста на своето дете и барање да се преземат сите потребни чекори да се надмине небезбедната ситуација,
4. Родителот да се обрати до Советот на родители на училиштето со повикување за поддршка во процесот на барање да се обезбеди сигурноста на своето дете во училиштето,
5. Доколку наведените постапни чекори кои ги преземал родителот во училиштето не донесат до соодветна реакција односно подобрување на безбедноста на своето дете може да поднесе Приговор до надлежните институции – Државен просветен инспекторат[11], Министерството за образование и наука[12], Народен правобранител, [13]Министерство за внатрешни работи[14].

11 Државен просветен инспекторат ***https://dip.gov.mk/***

12 Министерство за образование и наука ***https://mon.gov.mk/***

13 Народен правобранител на Република Северна Македонија. ***https://ombudsman.mk/***

14 Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија ***https://mvr.gov.mk/***

3.

ПОСТАПУВАЊЕ СО ДЕЦА СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЛИ ПРЕКРШОЦИ

Во нашата држава, започнувајќи од 2008 година, за прв пат се донесе посебен закон кој го уредува постапувањето со деца сторители на прекршоци и кривични дела и со деца жртви на кривични дела, а сега се применува најновиот Закон за правда за децата.[15]

Одговорност пред 14 години

Иако децата не се кривично одговорни до 14-годишна возраст, кога дете под таа возраст ќе стори кривично дело или прекршок, **Министерството за внатрешни работи (МВР)** е должно да постапи и да го извести **Центарот за социјални работи**. Центарот:

- Изготвува индивидуален план за работа;
- Врши советодавни разговори со родителите и детето;
- Дава насоки за преземање соодветни мерки;
- Може да посредува за надомест на штета.

Кривична одговорност по наполнети 14 години

Кога детето ќе наполни 14 години и стори кривично дело:

- Јавниот обвинител може да покрене судска постапка.
- Обвинителот дава насоки на полицијата за прибирање докази: разговори, дактилоскопирање, одземање предмети, вештачења и препознавање.
- Потоа, МВР поднесува **Кривична пријава** до надлежното обвинителство.
- Судската постапка започнува со **Барање за поведување подготвителна постапка**, поднесено до судијата за деца при Основниот суд.

Мерки за обезбедување присуство

Судот може да определи мерки за обезбедување присуство:

- Забрана за напуштање на живеалиштето;
- Јавување во суд;
- Одземање пасош;
- Забрана за посета на места и контакт со определени лица.

15 Закон за правда на децата, Службен Весник на РСМ бр.66/2024

Лишување од слобода

Ако детето е фатено при извршување на кривично дело:

- Може да биде задржано во полициска станица до 4 часа (до 6 со одобрение), а најмногу до 12 часа ако треба да се изведе пред судија.
- Судијата може да изрече:
- Притвор (најтешка мерка, до 30 дена, продолжлива до двапати по 30 дена);
- Куќен притвор (често комбиниран со забрана за комуникација, напуштање на домот).

Санкции за деца

За деца се предвидени поблаги казни:

- **Дисциплински мерки**: укор, упатување во дневен центар (до 6 месеци);
- **Засилен надзор**: од родители, згрижувачко семејство или Центар за социјални работи (1–3 години);
- **Заводски воспитни мерки**:
- Упатување во воспитна установа (6 месеци – 3 години);
- Воспитно-поправен дом во Тетово (6 месеци – 5 години).

За деца над 16 години:

- **Затвор за деца** (1–10 години);
- **Парична казна**;
- **Забрана за управување со возило**;
- **Протерување на странец**.

Казнена и кривична евиденција

Се води во судот на подрачјето каде што е родено детето сторител.

3.1. Кривични дела од омраза

Согласно Кривичниот законик:

Дело од омраза[16] е кривично дело сторено поради реална или претпоставена карактеристика на жртвата: **раса, етничка припадност, религија, попреченост, родов идентитет, сексуална ориентација, политичко уверување**, итн.

За овие дела се предвидени повисоки казни, особено за: **убиство, телесна повреда, закани, силување, разбојништво, насилство, оштетување имот, изнуда** и др.

Примери од праксата (ОЈО Скопје):

1. Физички напад врз ученици поради етничка припадност →изречена мерка: засилен надзор.

Деца од различна етничка заедница најпрвин им се приближиле и ги навредувале на етничка основа при што побарале од оштетените со друга етничка припадност да направат знак во облик на „двоглав орел", па кога тие одбиле да го направат тоа со тупаници и клоци ги удирале во пределот на главата и телото од кои удари оштетените здобиле телесни повреди.

Спрема сторителите судот изрекол воспитна мерка Засилен надзор од страна на Центарот за социјални работи

2. Физички напад врз учесник на Парада на гордоста поради сексуална ориентација →изречена мерка: засилен надзор.

Две деца критичниот ден го забележале оштетениот кој претходно учествувал на Парадата на гордоста и поради неговата сексуална ориентација - геј маж физички го нападнале удирајќи го со тупаници и клоци во пределот на главата и телото од кои удари истиот здобил телесни повреди.

Спрема сторителите судот изрекол воспитна мерка Засилен надзор од страна на Центарот за социјални работи.

3. Пример од практика со возрасен сторител – релевантен за превенција кај малолетници

Кривично дело - Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем од чл.394-г ст.1 од Кривичниот Законик (Основен кривичен суд К-913/24)

Сторителот преку компјутерски систем во јавноста ширел друга репрезентација на идеа која поттикнува омраза против маргинализирана група, на начин што преку својот профил на социјалната мрежа „*Facebook*" под објавата на портал со наслов "Посебен режим на сообраќај во Скопје заради Парадата на гордоста" напишал коментар со содржина „Гордост е на колец низ плоштад да ве шетаат гнаси едни", со што поттикнал омраза кон ЛГБТИ заедницата како припадници на маргинализирана група врз основа на сексуалната ориентација.

За овој настан на сторителот му е изречена алтернативна мерка-Условна осуда, така што му се утврдила казна затвор во траење од 1(една) година и истовремено определено е дека истата нема да се изврши доколку обвинетиот за време од 1(една) година од правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

Прекршочна одговорност на деца

Децата над 14 години одговараат за прекршоци. Најчести се од Законот за јавен ред и мир:

- Непристојно однесување, карање, викање;

16 Види член 122 став 42 од Кривичен Законик.

- Напад или поттикнување тепачки;
- Малтретирање и навредување;
- Уживање наркотични дроги;
- Реметење ред во училишта или згради.

За овие дела се изрекуваат глоби.

Што ако се сомневаме дека детето носи нож, употребува насилство или говор на омраза кој што поттикнува насилство?

Се известува:

- **Инспектор по малолетничка деликвенција**;
- **Полициска станица** или безбедносен реон.

Каде да се пријави?

- Телефон: **192** (за итни случаи);
- Апликација на МВР: **„Црвено копче" (Red Button)**[17] – анонимни пријави. Може да се пријават било какви сознанија или информации од областа на злоупотребата на деца, криминал од омраза и повикување на насилство, како и трговија со луѓе.

Лажно пријавување е кривично дело.

Што ако моето дете е насилник?

ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СЕ ПРИЈАВИ.

Кривичната постапка за деца е во нивен интерес и казните се поблаги. По 18 години – законската строгост е поголема.

Што ако детето насилник е под 14 годишна возраст?

И покрај тоа што децата стануваат кривично одговорни кога ќе наполнат 14 години, сепак и кога дете пред **навршувањето на 14 годишна возраст** ќе стори прекршок или кривично дело, МВР е должен да постапува и го известува надлежниот Центар за социјална работа и Центарот изготвува индивидуален план за работа, ги повикува родителот и детето во просториите на Центарот каде со советодавни разговори им помага детето да ја сфати тежината на кривичното дело или прекршокот и му дава совети и насоки на родителот какви мерки да презема спрема неговото дете за да се надмине и да не се повтори таа состојба, а може и да посредува помеѓу родителите на сторителот и оштетениот за надомест на штета.

Кога **детето навршило полни 14 години возраст** и стори кривично дело, надлежниот јавен обвинител може да покрене **судска постапка** пред судот на подрачје каде живее детето.

Јавниот обвинител и дава насоки на полицијата какви дејствија да преземе (да обави разговор со осомничените деца, со сведоци, да ги дактилоскопитра - да им земе отисоци од прсти, да им се одземат предмети кои ги употребиле при вршење на кривичното дело, да нареди судско медицински вештачења, телесен преглед, компјутерски вештачења ако е сторено кривично дело преку телефон или компјутер, во полициска станица да се изврши препознавање со смотра помеѓу сторителот и жртвата на кривичното дело и други дејствија се со цел да се обезбедат законити и квалитетни докази за стореното кривично дело).

17 Министерство за внатрешни работи на РСМ, Црвено копче ***http://redbutton.mvr.gov.mk/***

ВАЖНО: Секогаш да се пријавуваат децата кои ќе сторат кривично дело од причина што кривичната постапка спрема деца е направена во најдобар нивни интерес со цел тие да научат дека тоа што го направиле е погрешно а и казните се поблаги додека се деца. Кога ќе наполнат 18 години Законот е ригорозен и казните се построги.

Дали како родител-старател сносам некоја одговорност доколку не постапам или занемарам некоја обврска?

ДА.

Прекршочни глоби се предвидени во Законот за правда за децата[18] и тоа глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност која ќе се изрече за прекршок на родителите/родителот односно старателот односно згрижувачот кои не соработуваат во исполнување на определените обврски на детето. Имено при изрекувањето на воспитните мерки на засилен надзор од страна на Судот, на детето можат да му бидат определени една или повеќе обврски за поуспешно извршување на изречената воспитна мерка, за кои мерки доколку не соработува родителот односно старателот ќе му биде изречена прекршочна глоба.

Родителот може да одговара прекршочно (Согласно Законот за прекршоците против јавниот ред и мир) и кога неговото дете односно штитеник поради занемареното грижење врши прекршоци и при тоа ќе му биде изречена глоба од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

Родителите односно старателите можат да одговараат и кривично согласно Кривичниот законик и тоа за кривично дело - Запуштање и малтретирање на дете каде е предвидено дека родител, посвоител, старател или друго лице кое со грубо запоставување на својата должност за грижа и воспитување ќе го запушти детето, ќе се казни со затвор најмалку пет години. Со истата казна ќе се казни родител, посвоител, старател или друго лице кое присилува детето на работа што не одговара на неговата возраст и физичка сила или од користољубие го наведува на питање или на вршење други дејствија што се штетни за неговиот развиток. Доколку при извршување на делото настапи тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на детето или детето се оддало на питање, проституција или други облици на асоцијално однесување, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.

Занемарувањето односно запуштањето е неуспех да се исполнат физичките и психолошките потреби на детето, да се заштити од опасност. Видовите на занемарување можат да бидат: физичко, психолошко или емоционално, занемарување на физичкото или менталното здравје на децата, образовно занемарување, напуштање итн.

Родителот односно старателот сноси одговорност и за надомест на штета што неговото дете ќе ја направи при извршување на некое кривично дело или прекршок.

Што ако моето дете е жртва?

ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СЕ ПРИЈАВИ.

Секое насилство, занемарување или злоупотреба е повреда на детските права и мора итно да се третира.

ВАЖНО: Создавањето на услови за безбедно растење и заштита на деца од насилство е приоритетна задача на сите нас. Насилството, злоупотребата и занемарувањето потенцијално го загрозуваат здравјето и развојот и достоинството на децата и претставуваат повреда на основните детски права. За децата да се чувствуваат сигурно и безбедно потребно е секогаш благовремено да се реагира на сите облици на насилство.

18 Закон за правда на децата, Службен Весник на РСМ бр.66/2024.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- Државен просветен инспекторат, ***https://dip.gov.mk/***
- Енкартов светски англиски речник-(Encarta WorldEnglishDictionary, Encarta 1999)
- Закон за правда на децата, Службен Весник на РСМ бр.66/2024
- Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен Весник на РСМ бр.258/2020
- Кривичен законик, Службен Весник на РСМ бр.37/1996, 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 170/2017; 248/2018; 36/2023; 188/2023
- Министерство за внатрешни работи на РСМ, ***https://mvr.gov.mk/***
- Министерство за внатрешни работи на РСМ, Црвено копче, ***http://redbutton.mvr.gov.mk/prijavi.aspx***
- Министерство за образование и наука на РСМ, ***https://mon.gov.mk/***
- Министерство за образование и наука, Упатство за постапка на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, 2020 година, достапно на: ***https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/pravilnici***
- Министерство за образование и наука, Упатство за постапка на пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, 2020 година, достапно на: ***https://mon.gov.mk/mk-MK/propisi/pravilnici***
- Народен правобранител на РСМ, ***https://ombudsman.mk/***
- Olweus,Dan, Understanding and Researching Bullying, 1999, ***https://www.researchgate.net/profile/Dan-Olweus/publication/285012514_Understanding_and_researching_bullying_Some_critical_issues/links/5981ac2eaca2728abee86274/Understanding-and-researching-bullying-Some-critical-issues.pdf***
- Препорака CM/Rec(2022)16 на ЕКРИ Recommendation on Combating Hate Speech - Combating Hate Speech, 1680aada1b, ***https://www.coe.int/en/web/combating-hate-speech/recommendation-on-combating-hate-speech***
- Прошева Александра, Бошкова, Мери. Прирачник за примена на посебен протокол за заштита на деца и ученици од насилство, малтретирање и занамарување во воспитно-образовните институции, ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2018, достапен на: ***https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2018/12/priracnik-nastavnici-print.pdf***

Оваа брошура е изработена со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови не нужно го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.



MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

www.europa.eu

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 47 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

www.coe.int

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

Институт за човекови права